Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**ПУБЛИКАЦИЈА бр. 17**
**Ноември - Декември 2008**
# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***


1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар во изминатиот период

1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија
1.2 Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија
1.3 Преглед на сопственичка структура на недостасани структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење
1.4 Одржување на осмиот состанок на Пазарниот комитет
1.5 Кредитен рејтинг од Fitch и Standard and Poor's

2 Пазар на државни хартии од вредност

2.1 Примарен пазар
2.2 Секундарен пазар
2.2.1 Македонска берза
2.2.2 Пазар преку шалтер

3 Календар на аукции за првиот и вториот квартал во 2009 година

4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)

5 Контакти


***Јануари, 2009***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија

Во текот на ноември и декември, каматните стапки на пазарот на државни хартии од вредност (во натамошниот текст: ДХВ) бележат незначително намалување  кај сите рочности освен кај 6-месечните државни записи. Споредбено со движењето на каматните стапки од почетокот на 2008 година, може да се утврди дека истите бележат тренд на стабилизирање. Просечната пондерирана каматната стапка која беше постигната на аукциите на 3-месечните државни записи во текот на ноември изнесуваше 7,59%, додека на аукциите во декември истата се намали за 0.10 процентни поени и изнесуваше 7,49%. Пондерираната каматна стапка кај 6-месечните државни записи на аукцијата во ноември изнесуваше 7,69%, а на последната аукција во декември изнесуваше 7,84% што претставува раст од 0,15 процентни поени. На последната аукција на 12-месечните државни записи во 2008 година, каматна стапка која беше постигната изнесуваше 7,00%, што претставува намалување за 0,99 процентни поени во однос на претходната аукција на 12-месечните државни записи која се одржа во септември. Во декември се одржаа и две вонредни аукции на 3-месечни државни записи и една вонредна аукција на 6-месечни државни записи при што се постигнаа следните каматни стапки: 7,53% и 7,42% кај 3-месечните државни записи и 7,77% кај 6-месечните државни записи.

Во анализираниот период беа издадени шест емисии на 3-месечни државни записи, три емисии на 6-месечни државни записи, една емисија на 12-месечни државни записи. Генерален заклучок е дека на аукциите на ДХВ, кои беа реализирани во овој период, побарувачката е помала во однос на понудениот износ, односно вкупниот износ на ДХВ кој беше понуден на аукциите изнесуваше 6,65 милијарди денари, а побарувачката за истите изнесуваше 4,236 милијарди денари. Процентот на покриеност на понудата во однос на побарувачката во изминатиот период изнесуваше 63,7%, што претставува зголемување за 0,17 процентни поени во однос на претходниот период, кога покриеноста на понудата изнесуваше 63,53%.

Во сопственичката структура на недостасаните ДХВ, и понатаму доминантно место имаат комерцијалните банки од Република Македонија. Трендот на континуирано намалување на процентуалното учество на комерцијалните банки кој започна од почетокот на годината, во анализираниот период се промени. Заклучно со последната аукција на ДХВ одржана во декември, процентуалното учество на банките изнесува 65,95%, што претставува зголемување за 3,37 процентни поени во однос на октомври. Спротивно на зголемувањето на процентуалното учество во

сопственичката структура на недостасани ДХВ на комерцијалните банки, се забележува намалување кај останатите инвеститори. Имено, учеството на осигурителните друштва се намали за 1,46 процентни поени, категоријата "Друго" за 1,16 процентни поени, учеството на штедилниците за 0,32 процентни поени, на пензиските фондови за 0,36 процентни поени, како и учеството на физичките лица за 0,07 процентни поени.

### *1.2 Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија*

Во текот на ноември - декември 2008 година, на пазарот преку шалтер е утврдено значително тргување со ДХВ (државни записи и државни обврзници), односно во анализираниот период се реализирани седумнаесет трансакции со државни записи и осум трансакции со државни обврзници. Вкупниот номинален износ на тргувањето со државни записи изнесуваше 179,5 милиони денари, со просечна цена од 97,8782 и просечен принос до достасување од 7,55%. Вкупниот номинален износ на тргување со државни обврзници изнесуваше 400 милиони денари, со просечна цена од 100,025 и просечен принос до достасување од 8,024%

На Македонската берза во текот на ноември се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 1,825 милиони евра, а вкупниот промет на тргување[1] со структурните обврзници изнесува 1.488 милиони евра или 174,711 милиони денари. Просечниот принос до достасување го достигна нивото од 7,606%.

Вкупниот обем на тргување со структурни обврзници во декември изнесува 3,38 милиони евра, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 2,845 милиони евра или 494,27 милиони денари. Просечниот принос до достасување забележува ниво од 6,935%.

Во декември обемот на тргување со структурни обврзници е поголем за 1,55 милиони евра во однос на обемот на тргување во ноември, како и прометот на тргување со структурните обврзници кој е пораснат за 1,293 милиони евра во однос на претходниот месец. Просечниот принос до достасување во декември е намален за 0,67 процентни поени споредено со истиот во ноември. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај државните обврзници (континуирани и структурни) во декември изнесува 4,77%, што претставува намалување за 0,33 процентни поени во однос на учеството на странските инвеститори во ноември, кога истото изнесуваше 5,10%.

---

1Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност.

## 1.3 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење заклучно со декември, 2008 година

Заклучно декември 2008, вкупната состојба на недостасаните структурни државни обврзници е 264,799 милиони евра, од кои 122,207 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за денационализација (седум емисии на државни обврзници за денационализација), а 142,591 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за старото девизно штедење. Вкупниот број на имателите на недостасани државни обврзници е 129.128 од кои 6.488 се иматели на обврзници за денационализација, а 122.640 се иматели на обврзници за старото девизно штедење. Исто така, од вкупниот износ на недостасани структурни обврзници, 171,694 милиони евра се во сопственост на физички лица, а 91,104 милиони евра се во сопственост на правни лица. Од вкупниот износ кој е во сопственост на правните лица, 38,146 милиони евра или 40,97 % се во сопственост на банките, 0,98 милиони евра или 1,05% се во сопственост на брокерските куќи, а останатите 53,978 милиони евра или 57,98% се во сопственост на останатите правни лица.

Соодносот во сопственичката структура на недостасани структурни државни обврзници меѓу физичките и правните лица во декември споредбено со октомври, бележи минимално зголемување на учеството на правните лица за 0,03 процентни поени во однос на учеството на физичките лица кое е намалено за истата разлика. Во октомври соодносот меѓу физичките и правните лица изнесуваше 65,33 спрема 34,67 респективно.

## 1.4 Одржување на осмиот состанок на Пазарниот комитет

На 23.12.2008 година, во просториите на Министерството за финансии се одржа осмиот состанок на Пазарниот комитет за развој на пазарот на државни хартии од вредност, на кој учествуваа претставници од Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија и претставници од учесниците на пазарот на капитал како што се: комерцијалните банки, пензиските фондови, инвестиционите фондови, Македонската берза АД Скопје, Централниот депозитар за хартии од вредност и др.

На состанокот најнапред беа презентирани редовни информации за развојот на пазарот на државни хартии од вредност во текот на 2008 година, како и

информации за планот за издавање државни хартии од вредност во 2009 година.

Исто така, беше промовирана и новоста за проширување на неконкурентните понуди како поедноставен начин на аукција без одлука за износот на каматната стапка, кои покрај за физичките лица, ќе станат достапни и за небанкарските правни лица во Република Македонија.

Потоа, како една од темите за која се отвори поголема дискусија беше развојот на секундарниот пазар и предлогот за измена на Законот за хартии од вредност.

По дискусијата на изнесените теми беа донесени следниве заклучоци:

1. Да се разгледа можноста за воведување на пет-годишна државна обврзница во вториот или третиот квартал во 2008 година;
2. Да се проценат ефектите од воведувањето на едномесечен државен запис за сите учесници на пазарот на државни хартии од вредност, вклучувајќи го и Министерството за финансии како издавач;
3. Да се прошират неконкурентните понуди, покрај за физичките лица и за небанкарските правни лица во Република Македонија;
4. Да се достават предлог измените на Законот за хартии од вредност до Здружението на банки за коментари;
5. Се потенцираше важноста од иницијатива на банките, истите да потпишат Меморандум во врска со предлог заклучоците од работната група за развој на Пазарот преку шалтер;
6. Следниот пазарен комитет да се одржи во март 2009 година.

## ***1.5 Кредитен рејтинг од Fitch и Standard and Poor's***

На 11.12.2008 година кредитната рејтинг агенција Fitch додели нова ревидирана оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска и за домашна валута BB+ со стабилен изглед. Претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг во 2007 година беше: BB+ рејтинг со позитивен изглед за странска и домашна валута. Во исто време, агенцијата ги потврди оценките за краткорочниот рејтинг во странска валута B и плафонот за земјата BBB- .

Според кредитната рејтинг агенција Fitch главните фактори за добивање на оценката за кредитниот рејтинг се следните: растечки тренд на движење на БДП, БДП по глава на жител е во рамки на рангот за обезбедување на BB рејтинг, високиот дефицит на тековната сметка на билансот на плаќања, политичкиот систем во насока на спорот со Грција, пристапувањето на Република Македонија за влез во НАТО и статусот на земја кандидат за влез во Европската Унија.

На 19.12.2008 година кредитната рејтинг агенција Standard and Poor's додели

нова ревидирана оценка за кредитниот рејтинг на Република Македонија за странска валута BB+/негативен изглед/B и за домашна валута BBB-/негативен изглед/A-3. Претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг во 2007 година беше: за странска валута BB+/стабилен изглед/B и за домашна валута BBB-/стабилен изглед/ A-3.

Според кредитната рејтинг агенција Standard and Poor's главните фактори за добивање на оценката за кредитниот рејтинг се следните: стаусот на Република Македонија на земја кандидат за влез во Европската Унија, прудентната макроекономска политика рефлектирана во стабилниот раст, ниската инфлација и добрата фискална позиција, структурната ригидност, која се однесува на слабостите во правосудниот систем, нискиот прилив на странски инвестиции и високата невработеност, како и нефлексибилната структура на општите владини трошоци.

Редовното годишно ревидирање на добиените оценки за кредитниот рејтинг на државата се базирани на информациите кои претставниците на кредитните рејтинг агенции Fitch и Standard and Poor's ги добија во септември 2008 година, кога престојуваа во Република Македонија.

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | ***Резултати од аукции на ДХВ ноември 2008*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***3 месеци*** | | ***6 месеци*** | | | | |
| | DZ2008/21-91 | DZ2008/22-90 | DZ2008/11-182 | - | - | - | |
| *ISIN код* | MKMINFDZ8213 | MKMINFDZ8221 | MKMINFDS8113 | - | - | - | |
| *Денови/години на достасување* | 91 | 90 | 182 | - | - | - | |
| *Дата на аукција* | 04.11.2008 | 18.11.2008 | 04.11.2008 | - | - | - | |
| *Дата на достасување* | 04.02.2009 | 18.02.2009 | 06.05.2009 | - | - | - | |
| *Максимална каматна стапка* | 7,69 | 7,61 | 8,00 | - | - | - | |
| *Минимална каматна стапка* | 7,39 | 7,39 | 7,50 | - | - | - | |
| *Пондерирана каматна стапка* | 7,61 | 7,57 | 7,69 | - | - | - | |
| *Купонска каматна стапка* | - | - | - | - | - | - | |
| *Постигната цена* | 98,1132 | 98,1423 | 96,2574 | - | - | - | |
| *Понуда* | 700.000.000 | 700.000.000 | 400.000.000 | - | - | - | |
| *Побарувачка* | 412.490.000 | 793.600.000 | 245.090.000 | - | - | - | |
| *Реализација* | 312.490.000 | 700.000.000 | 145.090.000 | - | - | - | |
| *Реализација на конкурентни понуди* | 311.490.000 | 700.000.000 | 145.090.000 | - | - | - | |
| *Реализација на неконкурентни понуди* | 1.000.000 | 0 | 0 | - | - | - | |
| *Процентна неконкурентни понуди* | 1 | 1 | 1 | - | - | - | |
| *Bid to cover ratio** | 1,32 | 1,13 | 1,69 | - | - | - | |
| *Доставени понуди* | 16 | 17 | 8 | - | - | - | |
| *Прифатени понуди* | 15 | 15 | 7 | - | - | - | |

| | ***Резултати од аукции на ДХВ декември 2008*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***3 месеци*** | | | | ***6 месеци*** | | ***12 месеци*** |
| | DZ2008/23-91 | DZ2008/24-91 | DZ2008/25-84 | DZ2008/26-98 | DZ2008/12-182 | DZ2008/13-161 | DZ2008/06-364 |
| *ISIN код* | MKMINFDZ8239 | MKMINFDZ8247 | MKMINFDZ8254 | MKMINFDZ8262 | MKMINFDS8121 | MKMINFDS8139 | MKMINFDY8065 |
| *Денови/години на достасување* | 91 | 91 | 84 | 98 | 182 | 161 | 364 |
| *Дата на аукција* | 02.12.2008 | 16.12.2008 | 23.12.2008 | 30.12.2008 | 02.12.2008 | 23.12.2008 | 16.12.2008 |
| *Дата на достасување* | 04.03.2009 | 18.03.2009 | 18.03.2009 | 08.04.2009 | 03.06.2009 | 03.06.2009 | 16.12.2009 |
| *Максимална каматна стапка* | 7,60 | 7,59 | 7,60 | 7,79 | 7,99 | 7,90 | 7,00 |
| *Минимална каматна стапка* | 7,29 | 7,20 | 7,48 | 7,29 | 7,49 | 7,53 | 7,00 |
| *Пондерирана каматна стапка* | 7,53 | 7,46 | 7,53 | 7,42 | 7,84 | 7,77 | 7,00 |
| *Постигната цена* | 98,1313 | 98,1495 | 98,2727 | 98,0189 | 96,1861 | 96,6401 | 93,3901 |
| *Купонска каматна стапка* | - | - | - | - | - | - | - |
| *Понуда* | 850.000.000 | 700.000.000 | 650.000.000 | 1.500.000.000 | 450.000.000 | 350.000.000 | 350.000.000 |
| *Побарувачка* | 517.980.000 | 580.110.000 | 397.200.000 | 640.000.000 | 491.020.000 | 3.030.000 | 155.560.000 |
| *Реализација* | 517.980.000 | 580.110.000 | 397.200.000 | 640.000.000 | 450.000.000 | 3.030.000 | 118.300.000 |
| *Реализација на конкурентни понуди* | 517.980.000 | 580.110.000 | 397.200.000 | 640.000.000 | 450.000.000 | 3.030.000 | 118.300.000 |
| *Реализација на неконкурентни понуди* | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| *Процентна неконкурентни понуди* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| *Bid to cover ratio** | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,09 | 1,00 | 1,31 |
| *Доставени понуди* | 15 | 21 | 10 | 4 | 8 | 2 | 5 |
| *Прифатени понуди* | 15 | 21 | 10 | 4 | 7 | 2 | 1 |

***Извор: Министерство за финансии***

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## Каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




***Извор: Министерство за финансии***

## Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ декември 2007 - декември 2008




***Извор: Министерство за финансии***

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*







***Извор: Министерство за финансии***







***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)**




**Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)**




***Извор: Министерство за финансии***

**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, октомври 2008**




**Сопственичка структура на недостасани ДХВ, декември 2008**




***Извор: Министерство за финансии***

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 31 октомври 2008 | 31 декември 2008 | 31 октомври 2008 | 31 декември 2008 | 31 октомври 2008 | 31 декември 2008 | 31 октомври 2008 | 31 декември 2008 |
| Просечно денови | 73,62 | 75,03 | 396,33 | 344,68 | 465,33 | 424,10 | 189,90 | 142,86 |
| Просечно години | 0,20 | 0,21 | 1,09 | 0,94 | 1,27 | 1,16 | 0,52 | 0,39 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## *Крива на принос на ДХВ на примарен пазар*




***Извор: Министерство за финансии***

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Ноември 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 92,00 | 91,20 | 91,50 | 28.11.2008 | 92.833,00 | 5.218.099,00 | 84.968,00 | 8,04% |
| РМДЕН01 | 90,00 | 90,00 | 90,00 | 10.11.2008 | 1.000,00 | 55.268,00 | 900,00 | 7,67% |
| РМДЕН02 | 87,00 | 86,20 | 86,30 | 26.11.2008 | 9.708,00 | 515.761,00 | 8.398,00 | 8,47% |
| РМДЕН03 | 86,00 | 85,60 | 85,70 | 21.11.2008 | 54.257,00 | 2.863.091,00 | 46.621,00 | 7,68% |
| РМДЕН04 | 83,50 | 82,40 | 83,00 | 28.11.2008 | 133.628,00 | 6.806.927,00 | 110.845,00 | 7,96% |
| РМДЕН05 | 82,30 | 81,20 | 82,02 | 28.11.2008 | 38.244,00 | 1.925.063,00 | 313.473,00 | 7,60% |
| РМДЕН06 | 82,00 | 80,10 | 82,00 | 28.11.2008 | 448.491,00 | 22.320.011,00 | 363.451,00 | 7,00% |
| РМДЕН07 | 82,90 | 79,60 | 82,78 | 28.11.2008 | 1.046.698,00 | 51.704.842,00 | 842.006,00 | 6,43% |
| ПКБО 1210 | 100,00 | 100,00 | 100,00 | 07.11.2008 | 146.556,00 | 9.000.000,00 | 146.549,00 | 8,57% |

| Декември 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 92,80 | 91,50 | 92,75 | 30.12.2008 | 145.056,00 | 8.227.082,00 | 133.993,00 | 7,40% |
| РМДЕН01 | 91,80 | 89,80 | 91,80 | 23.12.2008 | 55.708,00 | 3.117.899,00 | 50.782,00 | 6,78% |
| РМДЕН02 | 89,00 | 86,50 | 89,30 | 17.12.2008 | 108.933,00 | 5.851.995,00 | 95.329,00 | 7,25% |
| РМДЕН03 | 87,00 | 85,80 | 86,60 | 30.12.2008 | 82.054,00 | 4.374.088,00 | 71.242,00 | 7,44% |
| РМДЕН04 | 85,50 | 82,80 | 85,80 | 30.12.2008 | 464.463,00 | 24.089.181,00 | 392.380,00 | 7,30% |
| РМДЕН05 | 84,70 | 81,60 | 84,62 | 30.12.2008 | 1.782.611,00 | 91.458.619,00 | 1.489.792,00 | 6,78% |

***Извор: Македонска берза АД Скопје***

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2007 И 2008**

| Странски инвеститори | Дек-07 | Јан-08 | Фев-08 | Мар-08 | Апр-08 | Мај-08 | Јун-08 | Јул-08 | Авг-08 | Сеп-08 | Окт-08 | Ное-08 | Дек-08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 8,40% | 8,39% | 8,38% | 8,38% | 8,39% | 7,87% | 7,68% | 7,97% | 7,35% | 7,34% | 5,24% | 5,10% | 4,77% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

***Извор: Македонска берза АД Скопје***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Обем на тргување со структурни државни обврзници




***Извор: Македонска берза АД Скопје***

## Принос до достасување на структурните државни обврзници




***Извор: Македонска берза АД Скопје***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## *2.2.2 Пазар преку шалтер*




***Извор: НБРМ***




***Извор: НБРМ***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ПРВИОТ И ВТОРИОТ КВАРТАЛ ВО 2009 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Јануари | *DZ2009/01-90* | 05.01.2009 | 08.01.2009 | 08.04.2009 | 90 |
| | | *DZ2009/01-181* | 05.01.2009 | 08.01.2009 | 08.07.2009 | 181 |
| | | *DZ2009/03-91* | 20.01.2009 | 21.01.2009 | 22.04.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/01-364* | 20.01.2009 | 21.01.2009 | 20.01.2010 | 364 |
| | Февруари | *DZ2009/04-91* | 03.02.2009 | 04.02.2009 | 06.05.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/02-182* | 03.02.2009 | 04.02.2009 | 05.08.2009 | 182 |
| | | *DZ2009/05-91* | 17.02.2009 | 18.02.2009 | 20.05.2009 | 91 |
| | | *DO2009/01-0211* | 24.02.2009 | 26.02.2009 | 26.02.2011 | 02 |
| | Март | *DZ2009/06-91* | 03.03.2009 | 04.03.2009 | 03.06.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/03-182* | 03.03.2009 | 04.03.2009 | 02.09.2009 | 182 |
| | | *DZ2009/07-91* | 17.03.2009 | 18.03.2009 | 17.06.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/02-364* | 17.03.2009 | 18.03.2009 | 17.03.2010 | 364 |
| | | *DO2009/02-0312* | 26.03.2009 | 30.03.2009 | 30.03.2012 | 03 |
| II | Април | *DZ2009/08-91* | 07.04.2009 | 08.04.2009 | 08.07.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/04-182* | 07.04.2009 | 08.04.2009 | 07.10.2009 | 182 |
| | | *DZ2009/09-91* | 21.04.2009 | 22.04.2009 | 22.07.2009 | 91 |
| | | *DO2009/03-0411* | 28.04.2009 | 30.04.2009 | 30.04.2011 | 02 |
| | Мај | *DZ2009/10-91* | 05.05.2009 | 06.05.2009 | 05.08.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/05-182* | 05.05.2009 | 06.05.2009 | 04.11.2009 | 182 |
| | | *DZ2009/11-91* | 19.05.2009 | 20.05.2009 | 19.08.2009 | 91 |
| | | *DO2009/04-0512* | 26.05.2009 | 28.05.2009 | 28.05.2012 | 03 |
| | Јуни | *DZ2009/12-91* | 02.06.2009 | 03.06.2009 | 02.09.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/06-182* | 02.06.2009 | 03.06.2009 | 02.12.2009 | 182 |
| | | *DZ2009/13-91* | 16.06.2009 | 17.06.2009 | 16.09.2009 | 91 |
| | | *DZ2009/03-364* | 16.06.2009 | 17.06.2009 | 16.06.2010 | 364 |

***Календарот е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници***

***Извор: Министерство за финансии***

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии) ****

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за државни записи) | | | | За различни износи | Варијабилниот процент се намалува од 0,14% до 0,10% ( мин 200 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје ( за државни обврзници) | | | | За различни износи | | Варијабилниот процент се намлува од 0,14% до 0,10% ( мин 500 ден.) | |
| 4 | Капитал банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Статер банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 9 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 10 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 11 | Централна кооперативна банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | За различни износи | 0,10%-0,12% (мин. 500 ден) | 0,10%-0,12% (мин. 500 ден) | 500 ден. |
| 12 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 13 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 15 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 16 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 17 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

**** Македонска банка за подршка на развојот а.д. Скопје не работи со клиенти

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| м-р Маја Парнарџиева | Државен советник | 02 3106-103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106-293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106-381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106-171 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Филип Гривчевски | Front Office | 02 3106-774 | Filip.Grivcevski@finance.gov.mk |
| Владимир Димковски | Front Office | 02 3106-774 | Vladimir.Dimkovski@finance.gov.mk |